Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 16-1512
Охрид, 23.1.2025 год.

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија " бр. 82/2018, 178/21 и 58/24) и на членот 194 и член 195 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.2019 година, Наставно – научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски науки, на седница одржана на ден 23.01.2025 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За започнување постапка за избор на Декан

1. Се започнува постапка за избор на декан на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, за мандатен период 2025 -2028 година.
2. Се донесуваат критериуми за кандидати за декан на Факултетот за компјутерски науки и инженерство.
3. Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со статутот на универзитетот.
4. Секој редовен и вонреден професор, а доколку такви нема и секој доцент, доколку ги исполнува условите од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија " бр. 82/2018, 178/21 и 58/24) и Статутот на Универзитетот, има право да се кандидра за декан.
5. Кандидатот за декан, покрај условите од точка 2 и точка 3 на оваа одлука, треба да ги исполнува и следните критериуми:
   - да е истакнат истражувач од областа на своето научно дејствување;
   - да има нагласени комуникациски, организациски и раководни способности;

6. Кандидатите за декан доставуваат пријава и програма за мандатниот период до архивата на Факултетот за компјутерски науки и инженерство во рок од 15 (петнаесет) дена од донесување на одлуката .
7. Пријавите и програмите на кандидатите за декан се доставуваат до членовите на наставно – научниот совет, во рок од 3 дена од денот на нивното поднесување.
8. За избор на декан наставно научниот совет одлучува со тајно гласање.
9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Согласно одредбите од член 110 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018, 178/21 и 58/24) и член 194 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, наставно - научниот совет, со тајно гласање, избира декан на факултетот и одлуката за избор му ја доставува на Универзитетскиот сенат за потврдување.

Декан,

Вонр. проф. д-р Александар Карадимче

Доставено до: Архива
Веб страна на УИНТ